РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. Уп 29 - 876
25.12 2020 год.
КРИВА ПАЛАНКА

# ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

Градоначалникот на Општина Крива Паланка врз основа на член 123 став (1) и член 126 став (1) од Законот за животната средина ("Службен весник на Република Македонија", бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), член 50 став (1) точка 11 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија", бр. 05/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка" бр. 8/10, 08/14, 02/18 и 03/19), постапувајќи по барање за издавање на Б – интегрирана еколошка дозвола (бр. УП 29-876/1 од 15.11.2019 година) поднесено од ГД Гранит АД Скопје, донесе:

## РЕШЕНИЕ
## за издавање на Б – интегрирана еколошка дозвола

1. **СЕ ИЗДАВА** Б – интегрирана еколошка дозвола на ГД Гранит АД Скопје со седиште на ул.„Димитрие Чуповски" бр. 8 Скопје.

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** ГД Гранит АД Скопје да постапува во согласност со условите и обврските дефинирани во оваа дозвола.

3. Б – интегрираната еколошка дозвола ќе се објави во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија, во рок од 15 дена од денот на издавањето, на сметка на барателот.

4. Жалбата не го одложува извршувањето на решението.

### *Образложение*

ГД Гранит АД Скопје поднесе барање за издавање на Б – интегрирана еколошка дозвола (бр. УП 29-876/1 од 15.11.2019 година).

Во прилог на барањето беше доставено:

- Барање за Б – интегрирана еколошка дозвола и тоа 3 (три) примерока во писмена форма и 3 (три) примерока во електронска форма.

Барањето е изработено согласно Правилникот за постапката за добивање на Б – интегрирана еколошка дозвола ("Службен весник на Република Македонија", бр.112/14 и 42/16).

Активноста за која е поднесено барањето е опфатена во Прилог 2. Активности на инсталации за кои е потребна Б – интегрирана еколошка дозвола, Точка 3. Индустрија на минерали, 3.3. Стационарни бетонски бази со вкупен капацитет на силосите за бетон поголем од 50 м$^3$ од Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за

поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план ("Службен весник на Република Македонија", бр. 89/05).

По разгледување на поднесеното барање претставници на Општина Крива Паланка на ден 06.12.2019 година извршија увид во инсталацијата и за истиот увид е изготвен Записник (бр. УП 29-876 од 12.12.2019 година). Од извршениот увид констатирано е дека ситуацијата на локацијата кореспондира со таа наведена во барањето, но исто така се побарани некои дополнителни информации, а констатирани се и неколку забелешки со кои треба да биде дополнето барањето како би се продолжило со постапка во однос на истото.

За утврдените забелешки изготвен е Заклучок со кој се прекинува постапката (бр. УП 29-876 од 13.12.2019 година) заради дополнување на барањето, согласно член 97 став (1) од Законот за животната средина.

Од страна на ГД Гранит АД Скопје е доставено барање (бр. УП 29-876 од 17.06.2020) со кое се бара продолжување на рокот за дополнување на барањето.

Во врска со ова барање Општина Крива Паланка изготви Заклучок со кој се продолжува рокот за дополнување на барањето (бр. УП 29-876 од 29.06.2020 година).

ГД Гранит АД Скопје достави дополнување на барањето за издавање на Б – интегрирана еколошка дозвола (бр. УП 29-876 од 25.09.2020 година).

Комплетното барање беше објавено на ден 29.09.2020 година во еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија (весникот Вечер), како и на интернет страницата на Општина Крива Паланка, согласно член 99 став (1) и член 122 став (4) од Законот за животната средина. Во врска со поднесеното барање не беа доставени никакви мислење и коментари во предвидениот рок од 30 дена од објавување на барањето.

Општина Крива Паланка изготви Нацрт Б – интегрирана еколошка дозвола (бр. УП 29-876 од 01.12.2020 година). Нацрт дозволата беше објавена на ден 05.12.2020 година во еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија (весникот Вечер) , како и на интернет страницата на Општина Крива Паланка со податоци каде јавноста може да изврши увид во нацртот на дозволата со предвиден рок од 14 дена за достава на евентуални забелешки по истата, согласно член 107 став (13) и член 122 став (4) од Законот за животната средина. Во дадениот рок не беа доставени никакви забелешки по нацртот на дозволата.

Исто така, Нацрт дозволата беше доставена до операторот на инсталацијата (бр. УП 29-876 од 03.12.2020 година) на ден 07.12.2020 година и му беше даден рок од 14 дена за евентуални забелешки, согласно член 107 став (12) и член 122 став (4) од Законот за животната средина. Во дадениот рок од страна на операторот не беа доставени никакви забелешки во однос на нацртот на дозволата.

Нацрт дозволата беше доставена и до овластениот инспектор за животна средина во Општина Крива Паланка.

Согласно член 9 став (1) и (2) од Правилникот за постапката за добивање на Б – интегрирана еколошка дозвола ("Службен весник на Република Македонија", бр. 112/14 и 42/16), надлежниот орган изврши увид во инсталацијата на ден 24.12.2020 година и состави записник со кој се констатира фактичката состојба во однос на исполнетоста на барањата утврдени во Б – интегрираната еколошка дозвола (бр. УП 29-876 од 24.12.2020 година).

Надлежниот орган врз основа на целосното барање, по завршување на постапката, согласно надлежностите кои произлегуваат од член 123 став (1) и член 126 став (1) од Законот за животната средина, утврди дека барателот ги исполнува условите за добивање на Б – интегрирана еколошка дозвола.

Б – интегрираната еколошка дозвола ќе биде објавена во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија, како и на интернет страницата на Општина Крива Паланка, во рок од 15 дена од денот на издавањето, согласно член 113 и член 122 став (4) од Законот за животната средина. Објавата во дневниот весник е на трошок на барателот на дозволата.

Врз основа на горенаведеното, Градоначалникот на Општина Крива Паланка одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука:** Против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на донесувањето на решението преку овој орган до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. Жалбата се таксира со 250,00 денари административна такса.

Изработил:
Оливер Стојановски
Контролирал:
Валентина Димитровска
Одобрил:
Маја Костадиновска
Согласен:
Љубомир Младенов, секретар

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник,
Борјанчо Мицевски